# Дневна хемеротека за *16.03.2016г.*

## МИА - *Потпишан договор за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион*

СРЕДА, 16 МАРТ 2016, 13:29:25

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

1 kWh = 11 испеглани кошули

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Потпишан договор за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион

### Потпишан договор за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион

Препорачај 0

вторник, 15 март 2016 15:58



**Скопје, 15 март 2016 (МИА)** - Договор за основен проект за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион вреден 2 милиони и 800 илјади евра денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и деканот на Градежен факултет-Скопје при УКИМ, Дарко Мославац.

Според министерот Изаири, договорот ќе се спроведува според претходно утврдена динамика, а нагласи дека е задоволен што токму Градежниот факултет како сериозна институција ќе го спроведе.

Деканот на Градежниот факултет Мославац смета дека овој проект е продолжение на веќе направен постар проект, со тоа што целокупната документација ќе биде, како што рече, максимално искористено, но ќе претрпи и многу промени.

Речното корито во Полошкиот регион е со голема широчина, мала длабочина и со остри кривини. На повеќе делници има отпад што доведува до плавење на населените места и на големи површини плодно земјиште. Со неговата регулација ќе се елиминираат поплавите, ќе се стабилизира водниот режим во Полошкиот регион, а ќе се контролира продукцијата и транспортот на речениот нанос.

Министерството за животна средина за овој проект ќе обезбеди 2 милиони и 600 илјади денари средства обезбедени преку Програмата за инвестиции во животната средина за 2016 година. Проектот треба да биде изработен во тек на четири месеци најдоцна до јули оваа година. **бк/паг/15:58**

## Утрински - *Потпишан договор за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион*

Утрински весник

### ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА РЕГУЛАЦИЈА НА РЕКАТА ВАРДАР ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН



Договор за основен проект за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион вреден 2 милиони и 800 илјади евра денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и деканот на Градежен факултет-Скопје при УКИМ, Дарко Мославац.

Според министерот Изаири, договорот ќе се спроведува според претходно утврдена динамика, а нагласи дека е задоволен што токму Градежниот факултет како сериозна институција ќе го спроведе.

Деканот на Градежниот факултет Мославац смета дека овој проект е продолжение на веќе направен постар проект, со тоа што целокупната документација ќе биде, како што рече, максимално искористено, но ќе претрпи и многу промени.

Речното корито во Полошкиот регион е со голема широчина, мала длабочина и со остри кривини. На повеќе делници има отпад што доведува до плавење на населените места и на големи површини плодно земјиште. Со неговата регулација ќе се елиминираат поплавите, ќе се стабилизира водниот режим во Полошкиот регион, а ќе се контролира продукцијата и транспортот на речениот нанос.

Министерството за животна средина за овој проект ќе обезбеди 2 милиони и 600 илјади денари средства обезбедени преку Програмата за инвестиции во животната средина за 2016 година. Проектот треба да биде изработен во тек на четири месеци најдоцна до јули оваа година.

## Сител - [Потпишан договор за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион]

Договор за основен проект за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион вреден 2 милиони и 800 илјади евра денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и деканот на Градежен факултет-Скопје при УКИМ, Дарко ...

## Канал5 - [Потпишан договор за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион]

Договор за основен проект за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион вреден 2 милиони и 800 илјади евра денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно

## Lider - [Потпишан договор за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион]

Договор за основен проект за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион вреден 2 милиони и 800 илјади евра денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и деканот на Градежен факултет-Скопје при УКИМ, Дарко ...

## Build - [Ќе се регулира реката Вардар во Полошкиот регион]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и деканот на Градежниот факултет при УКИМ Дарко Мославац денеска потпишаа договор за изработка на основен проект за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион.

## Точка - [Ќе се подготвува проект за регулација на дел од речното корито на Вардар во полошко]

Договор за изработка на основен проект за регулација на река Вардар во Полошкиот Регион потпишаа во вторник Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и деканот на Градежен факултет-Скопје при Универзитетот Кирил и Методиј, ...

## Денешен - [Потпишан договор за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион]

Договор за основен проект за регулација на реката Вардар во Полошкиот регион вреден 2 милиони и 800 илјади евра денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и деканот на Градежен факултет-Скопје при УКИМ, Дарко ...

## Макфакс - [Ќе се подготвува проект за регулација на дел од речното корито на Вардар во полошко]

Договор за изработка на основен проект за регулација на река Вардар во Полошкиот Регион потпишаа во вторник Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан

## +инфо - [Потпишан договор за проект за регулација на Вардар во Полошкиот регион]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и деканот на Градежен факултет-Скопје при универзитетот „Св.Кирил и Методиј“, проф. д-р Дарко

## Tetova Sot - *Nënshkruhet marrëveshja për projektin për rregullimin e lumit Vardar në Rajonin e Pollogut*

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Nënshkruhet marrëveshja për projektin për rregullimin e lumit Vardar në Rajonin e Pollogut



in Maqedoni 15/03/2016

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi dhe dekani i Fakultetit të Ndërtimtarisë në Shkup pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodi" prof. dr. Darko Moslavac, sot nënshkruan marrëveshje për hartimin e projektit themelor për rregullimin e lumit Vardar në Rajonin e Pollogut.

Me këtë projekt do të rregullohet një pjesë e shtratit të lumit Vardar me ç'rast pritet eliminimi i vërshimeve nëpër vendbanimet dhe sipërfaqet pjellore, stabilizimi i regjimit të ujit në rajonin e Pollogut, stabilizimi brigjeve të lumenjve dhe kontrolli i prodhimit dhe transportit të sedimentit të lumit. Gjithashtu, do të pastrohet korridori i lumit Vardar nga mbeturinat dhe do të rritet kapaciteti i tij.

Vlera e projektit është 2 800 000 denarë prej të cilëve Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor do të sigurojë 2 600 000 denarë. Mjetet janë siguruar përmes Programit për investime në mjedisin jetësor për vitin 2016.

Projekti duhet të hartohet gjatë 4 muajve, gjegjësisht më së voni deri në korrik të këtij viti.






## MIA - Nënshkruhet marrëveshja për projektin për rregullimin e lumit Vardar në Rajonin e Pollogut

Marrëveshje për projektin kryesor për rregullimin e lumit Vardar në rajonin e Pollogut në vlerë prej 2 milionë e 800 mijë euro sot nënshkruan

## Порта 3 - *РЕК Битола меѓу најголемите загадувачи во Европа*

ПОРТА3
ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА
ЕКОЛОГИЈА

# РЕК Битола меѓу најголемите загадувачи во Европа

Like 2 Share 0 Tweet G+1 0 Pin it



Термоцентралите на јаглен на Балканот предизвикуваат негативни влијанија врз животната средина, но и трошоци во висина од околу 8,5 милијарди евра за санирање на последиците по здравјето, и неопходно е ЕУ да ја преиспита својата енергетска политика. Ова е заклучокот од најновата студија објавена неодамна во Брисел и Сараево од страна на Сојузот за здравје и природна средина (HEAL). Меѓу другото, во студијата се наведува дека дури седум од 10 термоцентрали на јаглен во Европа кои се најголеми загадувачи се лоцирани токму на Балканот.




„Нашиот извештај покажува голема штета по здравјето заради користењето на јагленот во производството на електрична енергија во земјите од Западен Балкан, и го разобличува митот дека јагленот е најевтината енергетска суровина", соопшти во таа прилика заменик директорката на HEAL, Anne Stauffer.



„Изворите на загадување во земјите од Западен Балкан се два и пол пати над дозволените граници препорачани од страна на Светската здравствена организација (СЗО)", се додава во студијата заедно со заклучокот дека главните загадувачи се јагленот, сообраќајот и домаќинствата.




Во истражувањето со кое се опфатени БиХ, Македонија, Србија, Црна Гора и Косово, се наведува дека според СЗО, економската штета од прераното умирање заради загадувањето на воздухот во Србија изнесува 33,5% од БДП, наспроти Германија во која таа вредност е 4,5%.

Според студијата, следните 10 термоцентрали на јаглен се најголеми загадувачи во Европа:

1. „Угљевик" во Босна и Херцеговина

2. „Никола Тесла"  во Србија

3. „Костолац" во Србија

4. „Аминтаио" во Грција

5. „Какањ" во Босна и Херцеговина

6. „Битола" во Македонија

7. „Белхатов" во Полска

8. „Марица Исток 2" во Бугарија

9. „Костолац А" во Србија

10. „Тузла" во Босна и Херцеговина

## Телеграф - [СЗО: Од загадување умираат 12 милиони луѓе]

TELEGRAF.MK

# СЗО: Од загадување умираат 12 милиони луѓе

Загадувањето на воздухот, водата и на земјата, климатските промени и УВ-зрачењето, изложеноста на хемиски супстанции, предизвикуваат повеќе од 100 болести или повреди кај луѓето


(Фото: Телеграф.мк/Ј.Д)

Графички Центар Скопје

**Околу 12,6 милиони луѓе умреле поради живот во нездрава животна околина во 2012 година**. Тоа е речиси четвртина или 23 отсто од вкупниот број починати во светот, **објави денеска Светската здравствена организација** (СЗО).

Загадувањето на воздухот, водата и на земјата, климатските промени и УВ-зрачењето, изложеноста на хемиски супстанции, **предизвикуваат повеќе од 100 болести или повреди** кај луѓето.

**Бројот на смртни случаи предизвикани од болести кои се припишуваат на загадувањето на воздухот, вклучително и на изложеноста на чадот од цигари, достигна до 8,2 милиони**. Срцев удар, рак и хронични респираторни болести се причина за речиси две третини од вкупниот број починати лица, за што причина е нездравата животна средина, се наведува во извештајот.